# Конкретно сценарио

Стефан работи како recruitment manager во позната ИТ компанија, каде самата позиција е склона кон секојдневни состаноци, договори и слично. Тој го користи автоматизираниот систем за закажување состаноци. Најпрвин, се најавува и потоа е префрлен на страна која има повеќе опции(dashboard). Тој одбира да креира состанок, каде со клик се отвора форма во вид на модал(pop up) и ги пополнува полињата за наслов, место, време и учесници, па потоа кликнува на копчето Креирај. Од тука, Стефан креирал состанок во кој учесниците добиваат известување на меил за истиот и одлучуваат дали ќе го прифата или одбијат. Следно Стефан одлучува да направи проверка на неговите состаноци па преминува на опцијата за прелистување на изминати и следни состаноци. Во неа се наоѓа на листа од сите состаноци заедно со фитри за статус на состанок и клучен збор. Стефан најпрвин пребарува по изминати состаноци, каде се филтрираат сите состаноци кои се изминати а потоа пребарува следни, па се филтрираат сите следни состаноци. Во фирмата доаѓа нов клиент, па Стефан одлучува да креира состанок во кој ќе биде вклучен тој. Тој ја одбира опцијата за додавање на пријател во која се наоѓа поле за внесување на на емаил адреса. При внес, со клик на копчето Испрати, се испраќа понуда за пријателство. Со прифаќање на поканата, Стефан е преминува во менито за креирање состанок и го креира истиот. При наближување на времето за состанок, Стефан не добива известување па тогаш дознал дека заборавил да промени во неговите подесувања, со што со клик на опцијата подесувања, тој е префрлан на страна каде има неколку можности од тип на toggle за дали сака да добива известувања или не, dropdown за колку време пред почетокот на состанокот да добива известување и dropdown за на каков начин да добива известувања(SMS или Email). Стефан одбира оцијата за добивање на известување, одбира време и како да ги добива известувањата па потоа со клик на копчето Зачувај се зачувава промената. Во секој момент од страницата, со клик на копчето Назад(доколку го има) или логото кое се наоѓа најгоре на страната, Стефан е префрлен на почетната страна. На крајот од денот, тој за одјавување го кликнува копчето Одјави кое се наоѓа најдесно на менито и заминува дома.

# Use case

1. Уклучување на системот за закажување состаноци
2. Внесување на потребните информации за најава
    a. Креирање состанок
        i. Внес на име, место, време и учесници
        ii. Зачувај
    b. Прелистување на изминати и следни состаноци
        i. Внес на клучен збор или статус на состанок(изминат или следен)
        ii. Пребарај
    c. Додавање на пријатели
        i. Внес на емаил адреса
        ii. Испрати
    d. Промена на нагодувања
        i. Избор за добивање известување
        ii. (*d.i) Одбирање на време на известување пред почетокот на состанокот
        iii. (*d.i) Одбирање на начин на добивање на известување(SMS или Email)
        iv. Зачувај
3. Одјава

(*x) - Полињата се овозможени ако x е позитивно.